**1917.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 22 април 2025 година.

Бр. 08-2359/1
22 април 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ

Член 1

Во Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ број 184/13 и 13/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 63/24, 74/24 и 218/24), во член 2 во точката 1 по зборовите: „програми на радиото и телевизијата,“ се додаваат зборовите: „онлајн медиуми – интернет портали,“.

Точката 3 се менува и гласи:

„3. Издавач на медиум е правно или физичко лице кое врши профитна или непрофитна дејност на издавање на печатен медиум, емитување на радио и телевизиски програми (радиодифузери) или публикување информативни, образовни и забавни содржини преку онлајн медиуми – интернет портали.“.

Член 2

Членот 4 се менува и гласи:

„(1) Забрането е објавување, односно емитување на содржини во медиумите со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Северна Македонија, се повикува на воена агресија или оружен конфликт или содржини чиешто ширење претставува незаконска активност, вклучувајќи и јавно поттикнување на вршење терористички дела, дела поврзани со детската порнографија и дела поврзани со расизам и ксенофобија.

(2) Забрането е објавување, односно емитување на содржини во медиумите што поттикнуваат или шират дискриминација, нетрпеливост, насилство или омраза врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

(3) Посебните забрани од ставовите (1) и (2) на овој член треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права.“.

Член 3

Во член 5 по ставот (3) се додаваат два нови ставови (4) и (5), кои гласат:

„(4) Правно или физичко лице може во Република Северна Македонија да врши дејност на публикување информативни, образовни и забавни содржини во вид на текст, аудио или аудиовизуелен формат преку профитен и непрофитен онлајн медиум – интернет портал, доколку дејноста ја впише во Централниот регистар на Република Северна Македонија, има седиште и уредниште во Република Северна Македонија и на свое име има регистрирано македонски .мк или .мкд интернет домен.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, издавачите на медиуми евидентирани во Регистарот на радиодифузери како даватели на медиумски услуги за телевизиско емитување согласно со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, можат да вршат публикување на информативни, образовни и забавни содржини преку онлајн медиум – интернет портал без да ја впишат дејноста во Централниот регистар на Република Северна Македонија, доколку имаат седиште и уредниште во Република Северна Македонија и на свое име имаат регистрирано македонски .мк или .мкд интернет домен.“.

Ставот (4) станува став (6).

По ставот (5) кој станува став (7) се додава нов став (8), кој гласи:

„(8) Регистарот на издавачи на онлајн медиуми – интернет портали се води во електронска форма и содржи податоци за:

- фирмата и седиштето, односно назив и адреса на издавачот на онлајн медиум – интернет портал,
- име и презиме на одговорното лице на издавачот на онлајн медиум – интернет портал,
- името на онлајн медиумот – интернет порталот,
- интернет адреса на онлајн медиумот –интернет порталот и
- регистрантот на македонскиот .мк или .мкд интернет домен.

Во ставот (6) кој станува став (9) зборовите: „ставот (5)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (7)“.

По ставот (9) се додаваат пет нови става (10), (11), (12), (13) и (14), кои гласат:

„(10) Издавачот на онлајн медиумот - интернет портал, до надлежното регулаторно тело доставува пријава за упис во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми - интернет портали.

(11) Надлежното регулаторно тело нема да го впише издавачот на онлајн медиумот-интернет порталот во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали доколку нема вработено најмалку две лица со полно работно време, односно ќе го избрише издавачот на онлајн медиумот - интернет порталот од Регистарот на издавачи на онлајн медиуми – интернет портали доколку го нема потребниот број на вработени согласно со член 15 став (3) алинеја 4 од овој закон.

(12) По исклучок на ставот (11) од овој член, надлежното регулаторно тело ќе го впише издавачот на онлајн медиумот-интернет порталот во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми - интернет портали доколку има вработено едно лице со полно работно време и ангажирано едно лице со договор на дело, како онлајн медиум-интернет портал со мал и/или специјализиран опфат, односно ќе го избрише издавачот на онлајн медиумот - интернет порталот од Регистарот на издавачи на онлајн ме-

диуми - интернет портали како онлајн медиум-интернет портал со мал и/или специјализиран опфат доколку го нема потребниот број на вработени, односно ангажирани лица согласно со член 15 став (3) алинеја 4 од овој закон.

(13) Надлежното регулаторно тело доставува барање за прибавување на потребните документи до Централниот регистар на Република Северна Македонија и до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, кои се должни бесплатно да ги достават потребните документи во рок од пет дена од денот на поднесеното барање. По добивањето на сите потребни документи, надлежното регулаторно тело во рок од три дена од денот на комплетирањето на документацијата го впишува издавачот на онлајн медиум – интернет портал во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми – интернет портали.

(14) Формата и содржината на пријавата од ставот (10) на овој член и начинот на водење на Регистарот од ставот (8) на овој член ги пропишува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.“.

Член 4

Во член 6 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Издавач на онлајн медиум – интернет портал е должен да преземе соодветни мерки со помош на технички средства или со адекватна заштита за ограничување, како што се филтрирање на содржината, возрасна верификација или примена на други алатки за родителска контрола, за ограничување на пристапот на малолетни лица до онлајн медиуми – интернет портали кои содржат порнографска содржина или текстуална, вербална или визуелна содржина со која се глорификуваат физички, вербални или психолошки облици на садизам и насилство.“.

Член 5

Во член 14 во ставот (1) зборовите: „(на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија)“ се заменуваат со зборовите: „(на пример примерок од печатен медиум, телевизиска емисија и во делот за импресум на онлајн медиумот – интернет порталот)“.

Член 6

Во член 15 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Издавачите на онлајн медиуми –интернет портали се должни до 31 март во тековната година на посебен образец пропишан од страна на надлежното регулаторно тело да му доставаат податоци за:

- сопственичката структура, односно податоци за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување,
- податоци за одговорниот уредник/уредници,
- податоци за остварените вкупни приходи и расходи на издавачите на онлајн медиуми –интернет портали во претходната година од обезбедувањето на дејноста и
- податоци за вкупниот број на вработени односно ангажирани лица.“.

Ставот (3) станува став (4).

Во ставот (4) кој станува став (5) зборовите: „ставот (1) на овој член се објавува“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (1) и (3) на овој член се објавуваат“.

Ставовите (5), (6), (7) и (8), стануваат ставови (6), (7), (8) и (9).

Член 7

Во член 30 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1) печатен медиум со порнографска содржина не обезбеди заштита на малолетни лица на начин утврден во членот 6 став (1) од овој закон;

2) онлајн медиум – интернет портал со порнографска содржина не обезбеди заштита на малолетни лица на начин утврден во членот 6 став (3) од овој закон;

3) не именува одговорен уредник согласно со членот 8 став (1) од овој закон;

4) не ги објави податоците согласно со членот 14 од овој закон;

5) не ги достави податоците во рок и на начин утврдени во членот 15 ставови (1) и (3) од овој закон или не ги објави истите согласно со членот 15 ставови (2) и (4) од овој закон и

6) не достави писмен извештај на начин и во рок согласно со членот 15 став (6) од овој закон.“.

Член 8

Подзаконски акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 9

Регистарот на издавачи на онлајн медиуми – интернет портали ќе се воспостави во рок од 45 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

# L I GJ
# PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT TË MEDIEVE

Neni 1

Ligji e Medieve (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 184/13 dhe 13/14 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 63/24, 74/24 dhe 218/24), në nenin 2, pika 1, pas fjalëve "programe radiotelevizive", shtohen fjalët "media online - portalet e internetit".

Pika 3 ndryshohet si vijon:

"3. Emetues i medias është personi juridik ose fizik që ushtron veprimtari fitimprurëse ose jofitimprurëse të botimit të medieve të shkruara, transmetimit të programeve radiotelevizive (transmetues) ose publikimit të përmbajtjeve informative, edukative dhe argëtuese nëpërmjet medieve online - portaleve të internetit."

Neni 2

Neni 4 ndryshohet si vijon:

"(1) Ndalohet publikimi, përkatësisht., transmetimi i përmbajtjes në media që kërcënon sigurinë Nacional, nxit prishjen e dhunshme të rendit kushtetues të Republikës së Maqedonisë së Veriut, thirrje për agresion ushtarak ose konflikt të armatosur, ose përmbajtje shpërndarja e të cilave përbën një aktivitet të paligjshëm, duke përfshirë nxitjen publike për kryerjen e akteve të lidhura me fëmijërinë, akte pornografike dhe akte të lidhura me ksenofotizëm dhe akte pornografike të fëmijëve dhe akte të lidhura me porracizmin.

(2) Ndalohet publikimi ose transmetimi i përmbajtjeve në media që nxisin ose përhapin diskriminim, intolerancë, dhunë ose urrejtje në bazë të racës, ngjyrës së lëkurës, origjinës, origjinës kombëtare ose etnike, gjinisë, anëtarësimit të një grupi të margjinalizuar, gjuhës, shtetësisë, origjinës sociale, fesë ose besimit fetar, besimit

politik, besimit tjetër, aftësisë së kufizuar, moshës, statusit familjar ose gjendjes shëndetësore, statusit të pronës, statusit familjar ose martesor, ndonjë bazë tjetër personale dhe statusit shoqëror, statusit të pronës.

(3) Ndalimet specifike sipas paragrafëve (1) dhe (2) të këtij neni do të jenë në pajtim me praktikën gjyqësore të Gjykatës Europiane për të Drejtat e Njeriut."

Neni 3

Në nenin 5, pas paragrafit (3) shtohen dy paragrafë të rinj (4) dhe (5), si vijojnë:

"(4) Personi juridik ose fizik mund të kryejë veprimtarinë e publikimit të përmbajtjeve informative, edukative dhe argëtuese në formë teksti, audio ose audiovizuale në Republikën e Maqedonisë së Veriut përmes medias- online fitimprurës dhe jofitimprurës - portalit të internetit, nëse veprimtarinë e regjistron në Regjistrin Qendror të Republikës së Maqedonisë së Veriut, ka selinë dhe redaksinë e saj dhe e ka të regjistruar në emrin e saj të internetit .mk ose mkd internet domen.

(5) Me përjashtim të paragrafit (4) të këtij neni, emetuesit e medieve të regjistruar në Regjistrin e Transmetuesve si ofrues të shërbimeve mediale për transmetim televiziv, në pajtim me Ligjin e Shërbimeve Mediatike Audio dhe Audiovizuale, mund të publikojnë përmbajtje informative, edukative dhe argëtuese përmes portalit mediatik online pa regjistruar veprimtarinë në Regjistrin Qendror të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe selinë e tyre në Republikën e Maqedonisë së Veriut ose .mkd internet domain në emër të tyre. Paragrafi (4) bëhet paragrafi (6).

Pas paragrafit (5), cili bëhet paragrafi (7), shtohet paragraf i ri (8), si vijon:

(8) Regjistri i emetuesve të medieve online - portaleve të internetit mbahet në formë elektronike dhe përmban të dhëna për:

- kompaninë dhe selinë, gjegjësisht emrin dhe adresën e emetuesit të medias- online – portalit të internetit;
- emri dhe mbiemri i personit përgjegjës të emetuesit të medias online - portalit të internetit;
- emri i medias online – portali i internetit;
- Adresa në internet e medieve online - portali i internetit dhe
- regjistruesi i domenit të internetit maqedonas .mk ose .mkd.

Në paragrafin (7) që bëhet paragraf (9) fjalët "paragrafi (5)" zëvendësohen me fjalët "paragrafi (7)".

Pas paragrafit (9), shtohen pesë paragrafë të rinj (10), (11), (12), (13) dhe (14), si vijojnë:

"(10) Emetuesi i medias onlajn -internet portal dorëzon kërkesë për regjistrim në Regjistrin e emetuesve të Medieve Online-Portaleve në internet tek organi rregullator kompetent.

(11) Organi rregullator kompetent nuk do ta regjistrojë emetuesin e medias online-portalit në internet në Regjistrin e emetuesve të medieve online-portaleve në internet nëse nuk ka të punësuar së paku dy punonjës me orar të plotë, përkatësisht do ta fshijë emetuesin e medias online--portalit në internet nga Regjistri emetuesve të Medieve Online-Portaleve në internet në rast se nuk e ka numrin e nevojshëm të të punësuarve sipas nenit 15, paragrafi (3), nënparagrafi 4 të këtij ligji.

(12) Me përjashtim sipas paragrafi (11) të këtij neni, organi rregullator kompetent do ta regjistrojë emetuesin e Medias Online-Portalit në internet në Regjistrin e emetuesve të Medieve Online-Portaleve në internet nëse ka një punëtor me orar të plotë dhe një person të angazhuar me kontratë për punë, si media online -portal në internet me shtrirje të vogël dhe/ose të specializuar, përkatësisht do ta shlyejë emetuesin e Medias Online-Portalit në internet nga Regjistri i emetuesve të Medieve Online-Portaleve në internet si media onlajn-portal në internet me shtrirje të vogël dhe/ose të specializuar nëse nuk ka numrin e nevojshëm të të punësuarve, përkatësisht personave të angazhuar në pajtim me nenin 15 paragrafi (3) alineja 4 e këtij ligji.

(13) Organi rregullator kompetent do të paraqesë kërkesë për sigurimin e dokumenteve të nevojshme në Regjistrin Qendror të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe në Agjencinë për Punësim të Republikës së Maqedonisë së Veriut, e cila është e obliguar që dokumentet e nevojshme t'i dorëzojë pa pagesë në afat prej pesë ditësh nga dita e paraqitjes së kërkesës. Pas marrjes së të gjitha dokumenteve të nevojshme, organi rregullator kompetent, brenda tri ditëve nga dita e kompletimit të dokumentacionit, e regjistron emetuesin e medias online - portalit në internet në Regjistrin e Emetuesve të Medieve Onlajn - Portaleve në Internet.

(14) Formën dhe përmbajtjen e fletëparaqitjes sipas paragrafit (10) të këtij neni dhe mënyrën e mbajtjes së regjistrit sipas paragrafit (8) të këtij neni, i përcakton Agjencia e Shërbimeve Mediatike Audio dhe Audiovizuale.
"

Neni 4

Në nenin 6, pas paragrafit (2), shtohet paragraf i ri (3) si vijon:

"(3) Emetuesi i medias online - portal interneti është i detyruar të marrë masat e duhura duke përdorur mjete teknike ose mbrojtjen e duhur për kufizim, si filtrimi i përmbajtjes, verifikimi i moshës ose përdorimi i mjeteve të tjera të kontrollit prindëror, për të kufizuar aksesin e të miturve në mediat online - portalet e internetit që përmbajnë përmbajtje pornografike ose përmbajtje tekstuale, verbale ose vizuale, që lavdëron dhunën verbale ose psikologjike.

Neni 5

Në nenin 14, paragrafi (1), fjalët "(për shembull kopje e medias së shtypur dhe emisionit televiziv)" zëvendësohen me fjalët "(për shembull kopje e medias së shtypur, emisionit televiziv dhe në rubrikën imprint të medias online - portalit të internetit)".

Neni 6

Në nenin 15 pas paragrafit (2), shtohet paragraf i ri (3) si vijon:

(3) Emetuesit e medieve online - portaleve të internetit janë të detyruar të dorëzojnë formular të veçantë deri më 31 mars të vitit aktual të përcaktuara nga organi rregullator kompetent për të paraqitur të dhëna për:

- strukturën e pronësisë, pra të dhënat për emrin dhe selinë e personave juridikë ose emrin dhe vendbanimin e personave fizikë që janë pronarë të aksioneve ose të aksioneve në emetuesin e medias, me të dhëna për përqindjen e aksioneve ose të aksioneve që kanë fituar dhe datën e blerjes;
- të dhëna për kryeredaktorin/redaktorët;
- të dhëna për të ardhurat dhe shpenzimet totale të emetuesve të medieve online-portaleve të internetit në vitin paraardhës të ofrimit të aktivitetit dhe - të dhëna për numrin total të personave të punësuar, përkatësisht të angazhuar.".

Paragrafi (3) bëhet paragraf (4).

Në paragrafin (4), i cili bëhet paragrafi (5), fjalët "paragrafi (1) të këtij neni publikohet" zëvendësohen me fjalët "paragrafët (1) dhe (3) të këtij neni publikohen". Paragrafët (5), (6), (7) dhe (8) bëhen paragrafët (6), (7), (8) dhe (9).

Neni 7

Në nenin 30, paragrafi (1), ndryshohet si vijon:

(1) Gjobë në shumë prej 4.000 deri në 5.000 euro në denarë do t'i shqiptohet për kundërvajtje personi juridik nëse:

1) mediat e shkruara me përmbajtje pornografike nuk kanë siguruar mbrojtjen e të miturve në mënyrën e përcaktuar në nenin 6 paragrafi (1) të këtij ligji;

2) portali online media-internet me përmbajtje pornografike nuk ofron mbrojtje për të miturit në mënyrën e përcaktuar në nenin 6 paragrafi (3) të këtij ligji;

3) nuk emëron kryeredaktor në pajtim me nenin 8 paragrafi (1) të këtij ligji;

4) nuk i ka publikuar të dhënat në pajtim nen 14 të këtij ligji;

5) nuk i dorëzon të dhënat brenda afatit dhe në mënyrën e përcaktuar në nenin 15 paragrafët (1) dhe (3) të këtij ligji ose nuk i publikon ato në pajtim me nenin 15 paragrafët (2) dhe (4) të këtij ligji dhe

6) nuk ka dorëzuar raport me shkrim në mënyrën dhe në afat në pajtim me nenin 15 paragrafi (6) të këtij ligji.

Neni 8

Akti nënligjor i paraparë me këtë ligj do të miratohet në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 9

Regjistri i emetuesve të medieve online - portaleve të internetit do të krijohet brenda 45 ditëve nga data e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 10

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga botimi i tij në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**1918.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 22 април 2025 година.

Бр. 08-2361/1
22 април 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

Член 1

Во Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија" број 115/10, 140/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16), во член 12 во ставот (1) по зборот „науката" се става запирка, а зборовите: „и уметноста" се заменуваат со зборовите: „уметноста и новинарството.".

Во став (2) во точката 10) сврзникот „и" на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката 11) точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и".

По точката 11) се додава нова точка 12), која гласи:

„12) новинарско дело (новинарска содржина со посебни жанровски карактеристики, што се разликува од дневните вести и од другите медиумски информации со општ информативен карактер, како и текстуални, фотографски и аудиовизуелни прилози, кои се објавени како составен дел од новинарското дело или како посебни медиумски содржини).".

Член 2

Во член 13 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Под составни делови на новинарско дело, во смисла на членот 12 став (2) точка 12) од овој закон, се сметаат насловот, придружната фотографија на насловот и воведниот дел на текстот, кој се нарекува глава (лид).".

Член 3

Во член 52 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, во случај на јавно соопштување на наслов од напис, статија или друго слично дело, тој што јавно соопштува преку агрегирање на вести е должен со носителот на авторското дело да склучи договор за лиценцирање во кој се утврдуваат условите за преземање и дистрибуција на содржина преку интернет. Овој договор за лиценцирање вклучува утврдување на надоместок за авторското право и обврската на агрегаторот да презема само хиперлинк до содржината, насловот, фотографијата и логото на медиумот, не менувајќи го контекстот на оригиналната содржина.".

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден по денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT TË TË DREJTËS SË AUTORIT DHE TË DREJTAT E PËRAFËRTA

Neni 1

Në Ligjin e të Drejtaës së Autorit dhe të Drejtave të Përafërta (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 115/10, 51/11, 147/13, 154/15 dhe 27/16), në nenin 12, në paragrafi 1, pas fjalës "shkenca" vendoset presje, ndërsa fjalët: "dhe arti" zëvendësohet me fjalët: "arti dhe gazetaria".

Në paragrafin (2), në pikën 10), lidhëza "dhe" në fund të fjalisë zëvendësohet me pikëpresje.

Në pikën 11), pika në fund të fjalisë zëvendësohet me lidhëzën "dhe".

Pas pikës 11) shtohet pikë e re 12), si vijon:

"12) puna gazetareske (përmbajtje gazetareske me karakteristika të veçanta zhanre, e cila dallon nga lajmet e përditshme dhe informacionet e tjera mediatike me karakter të përgjithshëm informativ, si dhe nga kontributet tekstuale, fotografike dhe audiovizive, të cilat publikohen si pjesë përbërëse e punës gazetareske ose si përmbajtje e veçantë mediatike). ".

Neni 2

Në nenin 13, pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3) si vijon:

"(3) Pjesë përbërëse e veprës gazetareske, në kuptim të nenit 12, paragrafi (2), pika 12) të këtij ligji, konsiderohen titulli, fotografia shoqëruese e titullit dhe pjesa hyrëse e tekstit, e cila quhet kapitulli (udhëzues). ".